АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ ЗА 2013 ГОДИНА



Комисија на Агенцијата за електронски комуникации

**Содржина**

ВОВЕД ..... 2

АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ..... 3

РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА ..... 3

ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И УСЛУГИ И УПРАВУВАЊЕ СО НУМЕРАЦИСКИ РЕСУРСИ ..... 5

УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА ..... 8

АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И РЕГУЛАЦИЈА НА ЦЕНИ 8

УПРАВУВАЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИОТ СПЕКТАР ..... 10

КОНТРОЛА И МОНИТОРИНГ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ..... 13

ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ПРИДРУЖНИ СРЕДСТВА ..... 15

ИЗДАВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ПРИДРУЖНИ СРЕДСТВА ..... 16

СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ..... 16

ТРАНСПАРЕНТНОСТ ..... 17

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ..... 17

ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 20

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 20

ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ..... 25

ЗАКЛУЧОК ..... 26

# ПРЕДЛОГ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ ЗА 2013 ГОДИНА

## ВОВЕД

Активностите на Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК) произлегуваат од нејзините надлежности утврдени во Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него, како и меѓународните договори од областа на електронските комуникации што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија.

Агенцијата за електронски комуникации е надлежна за регулирање на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија. На АЕК и е доверено управувањето и надзорот на радиофреквентниот спектар како природно ограничен ресурс кој е од интерес за РМ и заштита на потрошувачите на пазарот кој го регулира.

Постојната регулативна рамка за електронските комуникации во Република Македонија се базира на регулативната рамка на Европската унија од 2002 година. Работата на АЕК е целосно усогласена со релевантната правна рамка на Европската унија од 2002 и се врши усогласување со новата регулативна рамка на Европската комисија од 2009, со цел да може комплетно и независно да ја извршува својата функција.

Според Законот за просторно и урбанистичко планирање АЕК исто така има активности во однос на издавање на согласност за изградба на електронски комуникациски мрежи и системи и издавање на мислење за изградба на електронски комуникациски мрежи и системи.

АЕК во својата работа, заради унапредување и развој на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија, ги има предвид препораките на Европската Комисија и најдобрите светски практики.

Годишната програма за работа за 2013 година е насочена кон постигнување на целите кои се дефинирани во регулаторната рамка за електронски комуникации во Европската унија, стратешки и оперативен план за периодот од 2012-2016 година.

Во насока на зголемување на транспарентноста во работењето на АЕК, а во согласност со член 105 од Законот за електронски комуникации, Годишната програмата за работа за 2013 година ќе биде ставена на јавна расправа во рок од 30 дена. На тој начин сите

заинтересирани страни ќе можат да дадат предлози и коментари со што ќе можат да учествуваат во изработката на Годишната програма за работа.

АЕК е свесна за својата улога во процесот на приближување на Република Македонија кон Европската унија и ќе вложи максимален напор, во соработка со останатите чинители на пазарот на електронски комуникации, да ги исполни целите зададени во оваа програма за работа, со што ќе допринесе кон поскоро полноправно членство во Европската унија.

## АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ

АЕК за исполнување на целите зададени со оваа програма за работа треба да исполни низа на активности поделени на следниве теми:

## РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА

АЕК за електронски комуникации треба да дејствува во насока на обезбедување на конкурентен пазар на електронски комуникациски услуги. На тој начин ќе обезбеди пазарен натпревар во понудата на овие услуги и услови со кои се обезбедува раст и имплементација на модерната комуникациска опрема. Покрај спроведувањето на Законот за електронски комуникации АЕК треба да подготви и голем број на подзаконски акти кои ќе помогнат во регулацијата на овој пазар. Обвска на Агенцијата е континуирано да ја следи имплементацијата на овие акти, да ги забележува сите неправилности и проблеми кои можат да се појават и активно да учествува во подобрување на регулаторната рамка. Во тек е усогласување на Законот за електронски комуникации со регулативната рамка на Европската комисија од 2009 година. Тоа значи дека во тек на 2013 година АЕК ќе спроведе голем број на активности во насока на усогласување на подзаконската регулатива со измените на Законот за електроски комуникации.

Покрај измените на подзаконските акти кои ќе произлезат од измените на Законот за електронски комуникации АЕК во тек на 2013 година планира заради подобрување на конкурентната околина на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија да направи измени на следните подзаконски акти:

| Бр. | Работна задача | Временска рамка | Причини за оваа работна задача | Активности предвидени со оваа работна задача | Цел која треба да се постигне |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Правилник за содржина и форма на нотификација | Q2, Q3 | Прикажување на нотифицираните услуги и географските | Предлог за измена на Правилникот, ангажирање и соработка со други сектори и служби | Поедноставување на постапката за нотификација и подобар приказ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | подрачја во кои се обезбедуваат мрежите и услугите | | на нотифициранит е мрежи и услуги по географски зони и единици на локалната самоуправа |
| 2 | План за нумерација | Q2, Q3 | Промена на Планот за нумерација од отворен во затворен тип | Промена на Планот за нумерација | Усогласување на Планот за нумерација со NGN мрежи |
| 3 | План за намена на радиофреквенцис ки опсези во Република Македонија | Q2, Q3 | Измени на Правилникот за радиокомуника ции (RR) на Светската конференција за радиокомуника ции 2012 и ECA | Имплементирање на измените во Планот за намена на радиофреквенциските опсези во РМ, јавна расправа по истите и усвојување на Планот | Усогласување на РМ со меѓународниот план за намена на радиофреквен циските опсези |
| 4 | План за доделување и користење на радиофреквенцис ки опсези во Република Македонија | Q3, Q4 | Измени на Планот за намена на радиофреквенц иските опсези во Република Македонија и нови ECC и ETSI документи | Имплементирање на измените во Планот за доделување и користење  на радифреквенции во Република Македонија, јавна расправа по истите и усвојување на Планот | План за доделување и користење на радиофреквен ции во РМ кој се темели на ефикасно искористување на спектарот во интерест на корисникот, врз основа на начелата на рамноправност и транспарентно ст, како и воведување на нови системи |
| 5 | Ревизија на Правилникот за радиофреквенции што може да се користат без одобрение за | Q4 | Имплементациј а на нови одлуки и препораки | Имплементирање на измените, јавна расправа по истите и усвојување на Правилникот за радиофреквенции што | Хармонизација со останатите држави членки на CEPT и ефикасно користење на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | користење на радиофреквенции | | | може да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции | радиофреквенцискиот спектар |

**ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И УСЛУГИ И УПРАВУВАЊЕ СО НУМЕРАЦИСКИ РЕСУРСИ**

За да обезбеди стабилна, интероперабилна и доверлива комуникациска структура Агенцијата треба да исполни низа на активности.

Во рамките на обезбедувањето на електронски мрежи и услуги, во текот на 2013 година, Агенцијата планира:

- Обработка на новопристигнати нотификации, согласно член 28 од Законот за електронските комуникации;
- Ажурирање на листата на нотифицирани субјекти што се води во Агенцијата на сите нови нотифицирани оператори и даватели на јавни електронски комуникациски услуги, и бришење на опеараторите кои не започнале со работа на датумот наведен во нотификацијата, а не ја известиле Агенцијата за настанатата промена;
- Обработка на извештаи за квалитет на минималниот пакет на изнајмени линии.
- Обработка на извештаи за квалитет на јавни говорни услуги.
- Обработка на извештаи за квалитет на терминирани и завршни сегменти на изнајмени линии.
- Обработка на извештаи за квалитет на разврзан пристап на локална јамка (LLU).
- Контрола на содржината на договорите што ги склучуваат операторите со своите претплатници а особено од аспект на усогласеност со ЗЕК и подзаконските акти кои се однесуваат на правата на корисниците;

Согласно Законот за електронски комуникации АЕК го подготвува и управува со планот на нумерација со цел да обезбеди ефикасно структуирање и употреба на броевите и сериите броеви, да се задоволат потребите на операторите кои имаат право на доделување на броеви и да се обезбеди доделување и користење на броевите на праведен и недискриминирачки начин. АЕК има обврска на својата веб страница да ги објавува податоците за доделените броеви и серии на броеви и носителите на броеви и серии на броеви. На полето на нумерацијата, АЕК во 2013 година ги планира следните активности:

- Обработка на барања и издавање на решенија за доделување и повлекување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација за јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија;
- Обработка на извештаи за ефикасно користење на доделени броеви и серии на броеви;

- Следење на имплементацијата на преносливост на броевите што треба да ја обезбедат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги;
- Следење на Централната база на пренесени броеви и изготвување на компаративни прегледи и извештаи за пренесените броеви;
- Меѓународна координација на доделени меѓународни сигнални кодови во ITU.

Покрај овие активности Агенцијата за електронски комуникации предвидува и проекти со кои ќе се поттикне развојот на пазарот на електронски комуникациски услуги кои ќе бидат спроведени со следните работни задачи и предвидената динамика:

| Бр | Работна задача | Квартал | Причини за оваа работна задача | Активности предвидени со оваа задача | Цел која треба да се постигне | Приоритет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Имплементирање на системот мерење на параметри за квалитет | Q1,Q2, Q3, Q4 | довршување на проектот за параметри за квалитет | - имплементација на системот<br>- тестирање<br>- промоција пред корисниците | Ефикасна употреба на системот | 1 |
| 2 | Создавање на услови за воведување на IP базирана интерконекција во Република Македонија | Q1,Q2 Q3, Q4 | Воведување на целосно IP базирано интерконектир ање помеѓу операторите и размена на меѓусебниот сообраќај | -Ревизија на Планот за нумерација<br>- ревизија на процесот за преносливост на броеви<br>- дефинирање на временски рок за усогласување на IP базирана интерконекција со фиксните оператори<br>- дефинирање на временски | Мигрицијa кон NGN | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | рок за усогласување на IP базирана интерконекција со мобилните оператори | | |
| 3 | Управување со електронскиот регистар на јавни електронски комуникациски мрежи и средства | Q1,Q2, Q3, Q4 | - зголемување на применливоста на системот - проверка на податоците во системот | Комуникација со единиците на локална самоуправа и операторите | Ефикасна употреба на системот | 3 |
| 4 | Измена на Правилникот за содржината и формата на нотификацијата, потребната документација и потврдата за регистрација | Q2, Q3, | Прикажување на нотифицираните услуги и географските подрачја во кои се обезбедуваат мрежите и услугите | Предлог за измена на Правилникот, ангажирање и соработка со други сектори и служби | Поедноставување на постапката за нотификација и подобар приказ на нотифицираните мрежи и услуги по географски зони и единици на локалната самоуправа | 4 |
| 5 | Правилникот за начинот на пренос на смс пораки кои се однесуваат на заштитата, унапредувањето и промовирањето на националното и културното богатство и туризмот во Република Македонија | Q1, Q2, Q3 | Утврдено решение кое е реално возможно да се имплементира, од страна на претставници на АЕК и трите мобилни оператори | Предлог за измена на Правилникот | Услогласување на техничко решение кое е реално возможно да се имплементира, со формалната рамка утврдена во Правилникот | |

## УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА

Согласно Законот за електронски комуникации АЕК во минатата година определи оператори и даватели на услуги за обезбедување на универзална услуга во делот на поврзување на крајниот корисник со јавна телефонска мрежа, обезбедување достапност на податоците од целосниот телефонски именик и телефонската служба за информации и обезбедување на разумен број на јавни телефонски говорници за задоволување на потребите на крајните корисници.

Согласно ЗЕК АЕК го определува давателот на универзална услуга, цените и општите услови, квалитетот, надоместокот и финансирањето на универзалната услуга.

Определените оператори и даватели на услуга кои беа определени за обезбедување на универзална услуга започнаа со работа од Јануари 2012 година. Заради тоа АЕК во 2013 година како и во 2012 година ќе има обврска да ги следи цените, општите услови и квалитетот на универзалната услуга.

Но за прв пат од 2013 година АЕК ќе раководи и управува со средствата на фондот за универзална услуга и врши наплата на надоместоци од операторите и/или давателите на комуникациски услуфи на посебна сметка на име на фондот, како и врши исплата на средства од фондот кон давателот на универзална услуга.

## АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И РЕГУЛАЦИЈА НА ЦЕНИ

Агенцијата треба да обезбеди пристапна понуда на електронските комуникациски услуги на македонските корисници. Тоа значи дека треба да се воспоставаат цени кои се нудат од операторите и давателите на електронски услуги кои ќе бидат базирани на реалната вредност на чинење на таа услуга. Следејки ја стратегијата на АЕК и одлуките на АЕК, во 2013 година драстично ќе се намалат цените за терминација на повик во мобилна мрежа од сегашните 3 и 4 денари во различните мрежи на симетрична цена од 1,2 денари во сите мрежи. Исто така ќе се ревидираат цените на останатите регулирани услуги кои ги обезбедуваат операторите со значителна пазарна моќ во Република Македонија. Со цел поголема конкурентност и зголемена либерализација на пазарот на електронски комуникации Агенцијата во 2013 година во однос на регулација на цени ги планира следниве активности:

| р.б | Задача | рок | Причина | Усогласеност со: |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Анализа на пазар бр. 1- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација | Q1-Q4 | Редефинирање на услугите кои се обезбедуваат на пазарот-нова генерација на мрежи | Стратегија на АЕК |
| 2 | Анализа на пазар бр. 4,5,6-Започнување, завршување и транзит во јавна телефонска мрежа на фиксна локација | Q1-Q4 | Редефинирање на услугите кои се обезбедуваат на пазарот-ИП базирана интерконекција | Стратегија на АЕК |
| 3 | Анализа на пазар бр. 9,10-Преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии | Q1-Q4 | Трета анализа на состојбата на пазарот | Стратегија на АЕК |
| 4 | Анализа на пазар бр. 7,8-Физички пристап до мрежа инфраструктура и пристап до услуги со широк опсег | Q1-Q4 | Редефинирање на услугите кои се обезбедуваат на пазарот-нова генерација на мрежи | Стратегија на АЕК |
| 5 | Испитување на јавно мислење | Q1-Q4 | 1.Резиденцијални<br>2.деловни | Договор бр.1985/21 од 13.07.12 |
| 6 | Анализа на пазар бр. 13-Пренос на радиодифузни содржини до крајни корисници | Q3-Q4 | Анализа на состојбата на пазарот | Прекин на аналогно емитување |
| 7 | Регулација на цените за Услуга за завршување на СМС во јавни мобилни комуникациски мрежи | Q1-Q2 | Состојба на Пазарот бр.14 | Стратегија на АЕК |

## УПРАВУВАЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИОТ СПЕКТАР

Радиофреквенцискиот спектар, како ограничен природен ресурс, е дел од националното богатство и суверенитет на секоја земја, а физичките својства на простирањето на радиобрановите условуваат планирањето и управувањето со спектарот да не се само национални, туку и меѓународни процеси. Ова наметнува потреба за воспоставување на ефикасен и еднообразен систем за планирање и управување со спектарот, применлив за сите земји во светот. Затоа меѓународната регулатива се утврдува на глобално, регионално и национално ниво.

Практично сите радиослужби кои имаат глобален карактер се регулираат единствено за сите земји на светот во рамките на Меѓународната унија за телекомуникации – ITU . Во согласност со нејзините препораки, скоро во сите земји во светот се формирани посебни служби надлежни за планирањето, управувањето и мониторингот на радиофреквенцискиот спектар.

Зголемените потреби за употреба на радиокомуникациските технологии, ја истакнуваат важноста за управување со спектарот, како на национално, така и на меѓународно ниво. Прогресот во развојот на технологијата секојдневно создава нови корисници на спектарот кој, сепак, е ограничен ресурс.

Согледувајки ги можностите што ги нуди спектарот, за да се задоволат барањата на големиот број на различни корисници кои бараат пристап до него, ефективното управување со спектарот станува се покомплексно. Анализата станува се посложена и пообемна, не само поради големиот број на барања, туку и поради различноста на службите кои работат во ист или соседен опсег.

Во насока на ефикасно управување со радиофреквенцискиот спектар АЕК, покрај останатите одобренија, повторно ќе се обиде да издаде одобренија за користење на фреквенциите од дигиталната дивиденда со што ќе може да се воведе и четвртата генерација на мобилна телефонија.

Во рамките на законската надлежност на АЕК да управува со радиофреквенцискиот спектар, како ограничен природен ресурс, АЕК во 2013 година ги планира и следните активности:

| Бр | Работна задача | Квартал | Причини за оваа работна задача | Активности предвидени со оваа задача | Цел која треба да се постигне | Приоритет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ревизија на Планот за намена на радиофрекв | Q2, Q3, | Измени на Правилникот за радиокомуника | Имплементирање на измените во Планот за намена на | Усогласување на РМ со меѓународниот план за | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | енциските опсези во Република Македонија | | ции (RR) на Светската конференција за радиокомуникации 2012 и ECA | радиофреквенциските опсези во РМ, јавна расправа по истите и усвојување на Планот | намена на радиофреквенциските опсези | |
| 2 | Ревизија на Планот за доделување и користење на радиофреквенции во Република Македонија | Q3, Q4 | Измени на Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија и нови ECC и ETSI документи | Имплементирање на измените во Планот за доделување и користење на радифреквенции во Република Македонија, јавна расправа по истите и усвојување на Планот | План за доделување и користење на радиофреквенции во РМ кој се темели на ефикасно искористување на спектарот во интерест на корисникот, врз основа на начелата на рамноправност и транспарентност, како и воведување на нови системи | 2 |
| 3 | Активности поврзани со премин од аналогно во дигитално терестријално телевизиско емитување | Q1, Q2, Q3, Q4 | Дигитализација на терестријално телевизиско емитување | Дел од активностите се во согласност со Законот за електронски комуникации, а дел од активностите ќе бидат предвидени во согласност со новиот закон за аудио визуелни содржини каде ќе биде опишан и регулиран процесот на дигитализација | Ефикасно користење на спектарот и ослободување на дел од спектарот (т.н. дигитална дивиденда 1) кој ќе се користи за друга радиокомуникациска служба. По исклучување на аналогната телевизија (31.05.2013) | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | во РМ | носителите на одобренијата да бидат подготвени веднаш да започнат со работа | |
| 4 | Следење на динамиката на изградба на мрежите за дигитална телевизија | Q1, Q2, Q3, | Во текот на 2012 год е распишан тендер за доделување одобрение за користење на радиофреквенции за 2(два) мултиплекси за DVB-T преку кои ќе бидат пренесувани програмските сорджини на трговските радиодифзни друштва кои имаат дозвола за работа од Советот за радиодифузија за национално, регионално и евентуално за лопкално ниво | Следење на динамиката на изградбата на мреж ите врз основа на доставената документација од страна на добитникот на одобрението за користење на радиофреквенции за двата мултиплекси | Навремена изградба на мрежата и контрола на фер и недискриминаторски однос на операторот на 2(два) мултиплекси кон трговските радиодифузни друштва. | 4 |
| 5 | Ревизија на Правилникот за радиофреквенции што може да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции | Q4 | Имплементација на нови одлуки и препораки | Имплементирање на измените, јавна расправа по истите и усвојување на Правилникот за радиофреквенции што може да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции | Хармонизација со останатите држави членки на CEPT и ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар | 5 |

## КОНТРОЛА И МОНИТОРИНГ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ

Согласно со надлежностите и обврските на АЕК за електронски комуникации, кои произлегуваат од Законот за електронски копмуникации, да врши контрола и мониторинг на радиофреквенции и инспекциски надзор на корисници на радиофреквенции, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги, а со цел да се обезбеди непречено функционирање на системите за радиокомунукации и на работата на електронските комуникациски мрежи и средства, во текот на 2013 година се планира да се прави мониторинг од фиксни мониторинг станици (до 3GHz), мониторинг на фиксна служба со мобилна мерна станица (до 40 GHz), мониторинг со мобилна и поратабл мониторинг станица, мониторинг на радиофреквенции на предавателни пунктови (on-site monitoring), мерење и контрола на сигнали од соседни држави (TETRA,GSM,UMTS, LTE ,DVB-T, сигнали од терестријално телевизиско емитување во делот на спектарот кој во РМ е предвиден за LTE), следење на динамиката на изградбата на мрежи за дигитална телевизија, стручен надзор, мерење на нејонизирачко зрачење предизвикано со употреба на јавните електронски комуникациски мрежи и друго.

Покрај секојденевните активности и задолженија кои се предвидени во Законот за електронски комуникации, АЕК предвидува и проект со кој комплетно ќе ја обнови својата опрема за контрола и мониторинг. Со тоа ќе може поефикасно и поквалитетно да ги исполнува своите законски надлежности:

| Бр | Работна задача | Квартал | Причини за оваа работна задача | Активности предвидени со оваа задача | Цел која треба да се постигне | Приоритет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Интегриран радиомониторинг систем | Q1,Q2, Q3,Q4 | Надзор и контрола, ефикасно и непречено користење на радиофреквенциски спектар на Република Македонија | Имплементација на нова мерна опрема | Мониторинг на радиофреквенциски спектар, обезбедување и заштита на национални интереси, безбедност и сигурност поврзани со користењето на радиофреквенцискиот спектар, испитување и откривање на | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | штетни пречки причинети на територијата на РМ, како и од територијата на соседни држави | |
| 2 | Активности во врска со Analog switch-off и анализа на употребата на дигиталната дивиденда 790-862 по исклучувањето на аналогните предаватели | 2-3 квартал | Премин од аналогна терестријална палтформа на дигитална во опсегот 470-790 MHz | Мерење на емисии на радиостаници во опсег 470-790MHz | Максимален бенефит од дигиталниот switchover и 17.06.2015 датум после кој нема да се штитат аналогните сервиси од интерференции од соседни држави | 2 |

Вонредните работи и задачи што со посебен налог се даваат за конкретни случаи, кои не се опфатени со годишниот односно месечните планови, (пријава на пречка, барање за извршување на посебен мониторинг) имаат приоритет во извршувањето. Најголем приоритет имаат решавањето на пречките во опсезите на воздухопловната радионавигациска и воздухоплоната мобилна (R) служба.

## ГРИЖА ЗА КОРИСНИЦИ И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Инспекцискиот надзор ќе се спроведува плански во одреден временски период со посета на субјекти кои работат во иста служба (на пример копнено мобилна, фиксна, радиодифузна служба, даватели на јавни комуникациски мрежи/услуги).

Годишниот план предвидува вршење на редовен инспекциски надзор над секој од нотифицираните субјекти најмалку еднаш годишно, при што е оставена можност за повторен инспекциски надзор заради пронајдена неправилност во работењето. Доколку се јави потреба вонредно ќе се постапува во согласност со Законот за електронски комуникации.

Агенцијата за електронски комуникации со цел имплементација на секундарната легислатива во 2013 година ги планира и следните активности:

- Објавување на податоците од мерењата на параметрите за квалитет на веб порталот на АЕК komuniciraj.mk, преку кој се обезбедуваат различни услуги за крајните корисници, како преглед на понуди од страна на операторите, можност за доставување на приговори по електронски пат и други информации.

- Одобрување и објавување на стандардните претплатнички договори

Покрај секојдневните активности предвидени со Законот за електронски комуникации како што се: решавањето на приговори од страна на корисниците на електронски комуникациски услуги, одобрување на стандардните претплатнички договори, администрирање на веб порталот www.komuniciraj.mk, од страна на АЕК ќе бидат спроведени и следните активности:

| Бр | Работна задача | Квартал | Цел која треба да се постигне |
|---|---|---|---|
| 1 | Организирање на испитување на јавното мислење | Q 2-3 | Целта е да се добијат сознанија за мислањето на корисниците и нивното задоволство за работата на Агенцијата во заштитата на нивните права во однос на користењето на услугите од операторите на електоронски комуникациски услуги. Резултатите од анкетата би се искористиле за унапредување на работата на Одделението за грижа за корисници. |
| 2 | Медиумска кампања преку која крајните корисници на електронски услуги ќе бидат информирани за своите права и обврски кои настануваат со потпишување на договорот со операторите. | Q 2-4 | Со оваа активност крајните корисници на електронски услуги ќе бидат информирани за своите права и обврски кои настануваат со потпишување на договорот со операторите. |

## ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ПРИДРУЖНИ СРЕДСТВА

Врз основа на член 23 став 12 и член 25 од Законот за изменување  и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање, Агенцијата издава согласност на идејни проекти за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства, а по барање на Министерството за транспорт и врски. Во текот на 2013 година ќе се изготвуваат и издаваат согласности на идејни проекти.

## ИЗДАВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ПРИДРУЖНИ СРЕДСТВА

Врз основа на член 50 став 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст, Агенцијата издава мислење на урбанистички проект за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства, а по барање на Министерството за транспорт и врски. Во текот на 2013 година ќе се изготвуваат и издаваат мислења на урбанистички проекти.

## СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

Според член 21 од Законот за електронски комуникации АЕК е обврзува да соработува со други државни органи и тела по прашања кои се во врска со електроските комуникации. Агенцијата треба да соработува со Комисијата за заштита на конкуренција за прашања што се однесуваат на вршење на нивните надлежности, како на пример анализа на релевантните пазари. Во постапка за доделување на радиофреквенции за вршење на радиодифузна дејност, АЕК треба да соработува со Советот за радиодифузија. По прашања од заеднички интерес Агенцијата за електронски комуникации и во 2013 година планира да остварува континуирана соработка со релевантни органи и институции, а особено со:

- Комисијата за заштита на конкуренцијата;
- Советот за радиодифузија на Република Македонија;
- Министерството за транспорт и врски;
- Македонскиот институт за стандардизација;
- Здружението за заштита на потрошувачи;
- Народна банка на Република Македонија;
- Министерство за економија;
- Министерство за внатрешни работи;
- Централен регистар на Република Македонија;
- Царинска управа на Република Македонија;
- Центар за управување со кризи;
- Министерство за финансии;
- Завод за статистика на Република Македонија;
- Државен пазарен инспекторат и други органи и тела на Република Македонија.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Агенцијата, како и досега, и во 2013 година ќе настојува што попрофесионално, транспарентно и ефикасно да ги извршува работите од својата надлежност утврдени со закон, со цел да придонесе за што поголем развој, либерализација и конкуренција на пазарот во областа на електронските комуникации, задоволување на потребите за комуникациски услуги, заштита на интересите на корисниците, ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар и нумерацијата и унапредување на инвестициите во електронските комуникации со воведување на нови технолгии и услуги, со што треба да се придонесе за поттикнување на развојот на целокупната економија во Република Македонија.

Во 2013 година Агенцијата, според Законот за електронски комуникации, ќе организира две јавни расправи на кои ќе бидат поканети сите заинтересирани страни со кои ќе се разговара за работата на Агенција и ќе се даваат предлози и забелешки за понатамошна работа.

Во правец на исполнување на своите надлежности, утврдени со закон, за транспарентност и недискриминација во регулаторните процеси, а особено за заштита на интересите на корисниците на јавни електронски комуникациски услуги, АЕК во согласност со член 105 од Законот за електронски комуникации Годишната програма за работа за 2013 година ја објавува на јавна расправа во траење од 30 дена со цел сите заинтересирани страни да бидат вклучени во нејзината изработка со коментари, сугестии и забелешки.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА

Покрај тоа предвидени се и следните активности:

| Бр | Работна задача | Квартал | Цел која треба да се постигне | Приоритет |
|---|---|---|---|---|
| 1 | @АЕК – Интегриран Информациски Систем на АЕК (е-Агенција) | Јан-Мај | Проект од 2012. Иницијано проект од 2011 година. Почеток на реализација во Јули 2012 година. Целосна имплементација во Мај 2013 година. | 1 |
| 2 | komuniciraj.mk v 3.0 | Јан-Апр | Портал инициран во 2011 година кога се воведени сервиси за е-приговор и Преглед на Понуди. Во 2012 година има втора верзија со визуелен редизајн. | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Во 2013 планирана ревизија на функционалноста на порталот според UI и UX de-facto стандардите. Изработка на целосно-функционална мобилна верзија на порталот прилагодена за smartphone, phablet и tablet уредите. Воведување на нови услуги: ***Споредба*** на тарифни модели, Социјална мрежа на корисници на електронски комуникациски услуги, Активна промоција на активностите на АЕК преку социјален маркетинг и масовно известување преку е-пошта | |
| 3 | Мобилни апликации и веб сервиси за потребите на АЕК | Јул–Дек | Продолжување и надградба на проект започнат во Септември 2012 година. Дел од мобилните апликации што се започнати со развој во 2012 година ќе се промовираат и ќе бидат јавно достапни во 2013 година. Дополнително, во 2013 година следуваат следните активности: Проширување на платформите за кои се достапни мобилните апликации со Windows Phone 7/8 и Blackberry OS 7/10. Ревизија на изработените мобилни апликации што зависи од резултатот на проектот Tarifi 2.0. Нови мобилни апликации за Единствен телефонски именик. Реализацијата зависи од можоста АЕК да ја користи базата на Единствениот телефонски именик како дел од универзална услуга. Нови мобилни апликации за користење на интегрираниот информациски систем од проект @АЕК/е-Агенција, што ќе се реализира како надоградба на овој проект. | 3 |
| | Е-банка | Q2, Q3 | Воведување на можност АЕК кон комитентите да врши плаќање со помош на електронски | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | средства од сметките на АЕК | |
| 4 | Number portability v 2.0 | Јан-Авг | Ревизија на централниот систем за преносливост на броеви што моментално се хостира и одржува кај SEAVUS. Фази на проектот се: Јавна расправа и ревизија на сервисите меѓу операторите и CDB, Набавка на одржување и надоградба на CDB бидејќи договорот истекува во Август/Септември 2013 година, Измени во функционарењето доколку има промени во Правилникот за преносливост на броеви | 4 |
| 5 | ISO 20000 – Систем за управување со квалитет на ИТ услуги | Мај-Дек | Проектот има за цел зголемување на квалитетот на ИТ услугите во АЕК и опфаќа сертификација на АЕК за квалитет во пружањето на ИТ услуги кон граѓаните и операторите. Преминот на работењето на АЕК кон Сервисно-Ориентирана-Архитектура (SOA) и размената на чувствителни информации бара сертификација за управување со квалитетот при достава на информации. Реализација на овој проект се планира преку следните активнсоти: Консултантски услуги за припрема за сертификација, Сертификација на АЕК за ISO 20000 и следење на најдобрите практики според ISO 20000-2, Обука на вработените од Служба за информатика за ITIL , ISO 20000 и CISSP.<br>Како предуслов за овој проект се успешна сертификација за стандардот за квалитет ISO 9001:2008 и стандардот за информациска сигурност ISO 27001:2005 | 5 |
| 6 | Изградба на системот за контрола и мониторинг на | | Создавање на услови за развој на електронските комуникации | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | радиофрекв. на РМ - Водно | | | |
| 7 | Завршување на административниот објект за потребите на АЕК | | Подобрување на работните услови со што ќе се зголемила ефикасноста на извршување на работните процеси | |

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Активностите на Агенцијата тесно се поврзани со бројот и структурата на вработените и побарува доволно средства за следење и оценка на многу важни стручни, правни и економски прашања. Промените на пазарот на електронски комуникации бара трајно усовршување на сите вработени во Агенцијата. Вработените ќе се усовршуваат преку семинари, конференции, работни групи, работилници и разни курсеви.

Со цел поквалитетно исполнување на предвидените активности и развој на своите капацитети, Агенцијата има во предвид да ги исполни и следните активности:

| Бр | Работна задача | Квартал |
|---|---|---|
| 1 | Организација и подготовки на team building на вработените во АЕК | Q2 |
| 2 | Изработка на план за обуки на вработените во АЕК | Q4 |
| 3 | Воведување на методологија на БСЦ(Balanced Score Card)за идентификување на општи и конкретни цели на организацијата | Q3 |
| 4 | Изготвување на месечен информатор за вработните на АЕК | Q1-Q4 |

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Агенцијата за електронски комуникации во 2013 година во полето на меѓународната соработка планира да продолжи со активностите за претставување и презентирање на Агенцијата на меѓународната сцена, а посебно помеѓу регулаторните тела од својата област , како во регионот така и пошироко.  Активностите кои беа превземани за оваа цел

во текот на 2012 година водат кон превземање на лидерската позиција меѓу регулаторните тела од земјите посматрачи во Телото на Европските регулатори за електронски комуникации (BEREC) како и телата на земјите од Југоисточна Европа и застапување на нивните заеднички ставови и интереси како во BEREC, така и пред поширокитe надлежни Европски тела од областа. Потпишаните Меморандуми за соработка во претходните 2 години со истородните регулаторни тела од регионот и пошироко се иницијатива и подготовка за подобро и поефикасно претставување на Агенцијата и можност за продлабочување на соработката, а нејзините активности во изминатиот период и меѓународните извештаи ја ставаат на листата на предводниците во регионот во областа на електронските комуникации. Во текот на 2013 година се предвидуваат да се поканат Директорите на регулаторните тела од регионот и пошироко и да се одржи состанок во гостопримство на АЕК на традиционалната “Brainstorming” средба .

Досегашните позитивни критики на Европската комисија за работата на Агенцијата за електронски комуникации наведени во Извештаите на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во евроинтеграциските процеси делуваат стимулативно на процесите во внатрешната организација на редовно и одговорно следење на сите нови текови во областа.

Зајакнувањето на капацитетите за градењето на меѓународната соработка во смисла да ги прошири границите за соработка со истородните тела од регионот во пошироки рамки како и да ги зголеми активностите и контактите со меѓународните организации и тела во кои членува и со кои соработува е исто така приоритет во наредниот период. Сето тоа е со цел за презентација на нејзините активности кои се во насока на поефикасна и побрза имплементација на новата регулатива во оваа област детерминирана од новите технологии и дигитализацијата кои се во експанзија на примена како од страна на чинителите во индустријата на пазарот на електронски комуникации во нашата земја, така и во регионот и пошироко. Посебен акцент е ставен на билатералните состаноци со регулаторните тела со кои Агенцијата веќе има потпишано Меморандуми за соработка за размена на искуства во определени сегменти од работењето и надлежноста на Агенцијата во смисла на црпење на искуства од регулаторните тела со најдобри практики за одредена проблематика односно обука на кадри во други Агенции за дејности кои Агенцијата веќе ги имплементирала.

Членувањето на Агенцијата во релевантните меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации: ITU, CEPT, ETSI и други и нејзиното активно учество во формираните групи и проекти, се во тесна зависност со нивните повеќегодишни стратегии и проекти кои во наредниот период имаат приоритет на унапредување на меѓународната соработка и солидарност за техничка помош при создавањето, развојот и унапредувањето на телекомуникациите и комуникациската инфраструктура и опрема со цел за премостување на дигиталниот јаз. Претставници од Агенцијата за електронски комуникации, како дел од македонската делегација, ќе

учествуваат на светските конференции и симпозиуми кои ги организира Меѓународната унија за телекомуникации и останатите меѓународни организации од областа на електронските комуникации. Во 2013 Година Агенцијата за електронски комуникации е домакин на 78-миот состанок на CEPT/ECC WG FM групата кој ќе се одржи од 30 Септември до 04 Октомври 2013 во Охрид . За 2013 Година се предвидува проактивна улога и во организцијата Cullen International во сверата на новата програма за Спектарот и за Заштитата на корисниците.

Законската обврска за одржување на два јавни состаноци на АЕК за 2013 со заинтересирани страни како и досега се планира да се организира на начин што првиот јавен состанок е во склопот на Меѓународната Регулаторна Конференција која се одржува во Мај , а вториот во доцна есен како на заинтересираните страни и учесниците на овој состанок би можеле да им се презентираат превземените активности, мерки и дејности на Агенцијата за изминатата година и плановите за наредниот период.

Меѓународната Регулаторна Конференција која веќе трета година ќе се одржува по повод Денот на телекомуникациите – 17 Мај, во 2013 година се планира да опфати поголем број на присутни релевантни фактори во областа на електронските комуникации како и високо рангирани претставници на меѓународни институции и организации за електронски комуникации. Агенцијата на оваа тридневна конференција ќе ги прикаже своите активности и ќе размени искуства како со регулаторните тела од регионот и пошироко, така и со операторите и останатите чинители на пазарот на електронски комуникации во Република Македонија и регионот.

Во почетокот на 2013 година е предвидено да отпочне реализацијата на ИПА 2009 проектот за ,,Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела од областа на телекомуникациите и медиумите за воспоставување на ефикасна регулаторна рамка за новите дигитални мултиплеј услуги“ кој АЕК го предложи во соработка со Советот за радиодифузија во пресрет на воведувањето и новите мултиплеј услуги. Овој проект е во корелација со стратегијата за развојот на електронските комуникации во РМ и навремено вклучување во ерата на дигитализација. Проектот има 16 значајни активности поделени по сфери за електронските комуникации и медиумите и е со времетраење од 18 месеци.

| Бр | Работна задача | Квартал | Причини за оваа работна задача | Активности предвидени со оваа задача | Цел која треба да се постигне | Приоритет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ,,Зајакнување на административните капацитети на | Q1,Q2, Q3,Q4 | IPA 2009 | Наведени во спецификацијата на проектот | Воспоставување на ефикасна | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | регулаторните тела од областа на телекомуникациите и медиумите за воспоставување на ефикасна регулаторна рамка за новите дигитални мултиплеј услуги" – ИПА проект | | | | регулаторна рамка за новите дигитални мултиплеј услуги | |
| 2 | Организација и одржување на Меѓународна Регулаторна Конференција и<br><br>прв / јавен состанок за 2013 | Q2 | Согласно член 20 од ЗЕК | Координација за организација Испракање покани до сите регистрирани субјекти во АЕК Објава во јавни гласила за одржување на јавен состанок Сондирање на интересите на јавноста по одредени теми заради подобра презентација на работата на АЕК Координација меѓу секторите и службите на АЕК за презентација на активностите и превземените дејствија по одредени прашања кои претходно биле наведени од јавноста за | Размена на искуства со сите заинтересирани страни за работата на АЕК | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | да се направи анализа или извештај од страна на АЕК | | |
| 3 | 78-миот состанок на CEPT/ECC WG FM групата | Q3 | Членство во CEPT | Организација на состанокот | Редовен 78 Состанок | 3 |
| 4 | Втор јавен состанок за 2013 | Q4 | Согласно член 20 од ЗЕК | Координација за организација<br>Испракање покани до сите регистрирани субјекти во АЕК<br>Објава во јавни гласила за одржување на јавен состанок<br>Сондирање на интересите на јавноста по одредени теми заради подобра презентација на работата на АЕК<br>Координација меѓу секторите и службите на АЕК за презентација на активностите и превземените дејствија по одредени прашања кои претходно биле наведени од јавноста за да се направи анализа или извештај од страна на АЕК | Размена на искуства со сите заинтересирани страни за работата на АЕК | 4 |
| 5 | Организирање на | Q2 | | | | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | “Brainstorming” состанок со Директорите на Регулаторните тела од регионот и пошироко | | | | | |

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Активностите на внатрешна ревизија за 2013 година произлегуваат од главните цели и активности во стратешкиот план на АЕК. Тие треба да придонесат за реализација на решавање на одредени проблеми, намалување или сведување на минимум на ризиците во одделни процеси во организацијата и унапредување на ефикасноста на работењето во АЕК со редовна ревизија.

| Бр | Работна задача | Квартал | Причини за оваа работна задача | Активности предвидени со оваа задача | Цел која треба да се постигне | Приоритет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ревизија на системите за внатрешна контрола Ревизија на системите за контрола на безбедност на вработените, опремата и објектите. | Q2 | | Предметна ревизија ќе биде безбедноста на вработените,опремата и објектите. | Усогласеност на применуваните процедури и законски прописи со пропишаните, како и воспоставени контроли. | |
| 2 | Ревизија на Усогласеност-ИПА фондови | Q3 | | Проверка на воспоставените процедури и безбедноста на чување на документите. | Усогласеност на применуваните процедури со пропишаните како и | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | безбедно чување на документите | |
| 3 | Финансиска ревизија.Ревизија на процесот на побарувањата од коминтентите. | Q4 | | Процесот на побарувањата од коминтентите. | Процесите за настананувањe на побарувања од коминтенти, нивно евидентирање во сметководството како приходи,усогласеност со финансиската евиденција ,мерките за благовремена наплата на истите и воспоставени контроли. | |

**ЗАКЛУЧОК**

АЕК во тек на 2013 година ќе направи измени на подзаконските акти во насока на усогласување со очекуваните измени на Законот за електронски комуникации во согласност со регулативната рамка на Европската комисија од 2009 година.

АЕК ќе имплементира регулација на целосно IP базирана интерконекција помеѓу операторите со цел подобрување на конкурентноста на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија. Во 2013 година е предвидено исклучување на емитувањето на аналогна терастријална телевизија со што нашата држава се усогласува со препораките на Меѓународната телекомуникациска унија и на Европската комисија. АЕК во насока на ефикасно управување со радиофреквенцискиот спектар повторно ќе се обиде да издаде одобренија за користење на фреквенциите од дигиталната дивиденда со што ќе може да се воведе и четвртата генерација на мобилна телефонија. Следејки ја стратегијата на АЕК и одлуките на АЕК, во 2013 година драстично ќе се намалат цените за терминација на повик во мобилна мрежа од сегашните 3 и 4 денари во различните мрежи на симетрична цена од 1,2 денари во сите мрежи. Во наредната година АЕК планира да го

заврши проектот со интегрираниот информациски систем и изградбата на административниот објект со што покрај предвидените обуки на човечките ресурси, ќе се подобрат работните капацитетите со кои располага АЕК. Големиот број на активности кои се предвидуваат во 2013 година создаваат предуслов за создавање на заокружена регулаторна рамка на пазарот на електронски комуникации со цел подобрување на конкурентната околина на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија.

Бр. 11-26/9

28.11.2012 година

Комисија на Агенцијата за електронски комуникации

Претседател

Гордана Клинчарова